

## ВО НАКОЛЕЦ – СТАРАТА НАКОЛНА РИБАРСКА НАСЕЛБА

**Наколец е село кое е дел од преспанската и од македонската вистина. Тоа се наоѓа во Преспа, на брегот на Преспанското Езеро и во пазувите на Баба Планина, на македонска земја, а само неколку километри северно од границата меѓу Република Македонија и Република Грција. Тоа е типично македонско, преспанско, повеќенационално и печалбарско место**

Едно од езерските населби во Преспа е, секако селото Наколец. Тоа е дел од Долна Преспа и е сместено на источниот брег на Преспанското Езеро. Наколец се наоѓа на неколку километри од границата на македонската земја, на запад од Љубојно и на север од Долно Дупени, на надморска височина како и Езерото, од околу 850 метри. Тоа е типично езерско, преспанско село.

Името го добило по тоа што во минатото, кога нивото на водата на Преспанското Езерото рапидно се зголемило, селото било изградено на колци. Иако жителите немале

можност да ја видат населбата на колци над вода, се сеќаваат дека до пред триесеттина години езерската македонската православна црква „Св. Никола“ се наоѓала во вода. Од ѕидот на црквата се скокало во вода.

Затоа остана раскажувањето дека Наколец во минатото било македонска Венеција. Подолг период плажите вдолж брегот на Преспанското Езеро кај Наколец биле едни од најпесокливите и најатрактивните и собиралиште на бројни капачи од Преспа и пошироко

Ова го кажува легендата, а денес селото е оддалечено од езерото, каде пораснала корија од дрва и трски. Инаку, во селото живеат Македонци, Албанци и Роми. Жителите во ова населено место отсекогаш биле пример за добар соживот, бидејќи тие заедно оделе и на свадба и на погреб, и на риби и наниви и заедно делат и добро и зло.







[illegible]




МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ
ПРИКАЗНИ ОД БРЕГОТ НА
ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО
РАСКАЖАНИ ОД СЛАВЕ
ЈАНКУЛОВСКИ – ГРПЧЕВСКИ
ПОДГОТВИЛ ТАНАС ВРАЖИНОВСКИ


Малая
Нобелевская
Премия



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**